АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО БИТОЛА, во совет составен од судиите: Љиљана Чочковска - претседател на советот, Александар Камбовски и Анита Милошевска - членови на советот, со записничарот Борче Коруновски - помлад судски соработник, во прекршочниот предмет против обвинетиот Н. М. од село В., за прекршок од член 325 став 4 в.в. став 1 алинеја 1 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, одлучувајќи по жалбата на бранителот на обвинетиот, адвокат Ѓоко Томоски од С., изјавена против пресудата на Основниот суд Струга ПРКС-183/18 од 21.10.2018 година, на седницата на советот, одржана на ден 13.02.2019 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на бранителот на обвинетиот Н. М. од село В., адвокат Ѓоко Томоски од С., СЕ УВАЖУВА.

Пресудата на Основниот суд Струга ПРКС-183/18 од 21.10.2018 година, СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно судење.

## О б р а з л о ж е н и е

Со побиваната пресуда на Основниот суд Струга, обвинетиот Н. М. од село В., огласен е за виновен за прекршок од член 325 став 4 в.в. став 1 алинеја 1 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и изречена му е прекршочна санкција глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност од 18.450,00 денари, која е задолжен да ја плати во рок од 30 дена по правосилноста на пресудата. Обвинетиот е задолжен трошоците на постапката во паушален износ од 1.000,00 денари, да ги плати во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата.

Против вака донесената пресуда, во законски пропишаниот рок, жалба изјави адвокат Ѓоко Томоски од С., бранител на обвинетиот, со која ја побива поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Предложи, жалбата да се уважи, побиваната пресуда да се укине и предметот да се врати на првостепениот суд на повторно судење.

Апелациониот суд во Битола, одлучувајќи по жалбата, ги проучи списите на предметот, ја испита побиваната пресуда согласно член 427 став 1 точки 1 и 2 од Законот за кривичната постапка в.в. со член 2 од Законот за прекршоците и по оцена на жалбата и жалбените наводи, утврди:

Жалбата е основана.

Основано со жалбата се побива пресудата поради суштествена повреда на одредбите на постапката од член 415 став 1 точка 11 од Законот за кривичната постапка. Побиваната пресуда е нејасна и противречна на списите на предметот.

Во уводот на пресудата се наведува дека истата е донесена на одржаниот претрес на ден 21.10.2018 година. Меѓутоа, вака наведено не произлегува од списите на предметот. Ова од причини што, во списите на предметот нема записник за одржан претрес пред првостепениот суд на ден 21.10.2018 година. Последниот записник, за одржан претрес пред првостепениот суд е со датум од 22.10.2018 година, во кој записник е содржана изреката на сега побиваната пресуда.

Поради изнесеното, пресудата е нејасна и проивречна на списите на предметот, со што е сторена суштествената повреда на одредбите на постапката од член 415 став 1 точка 11 од Законот за кривичната постапка, која доведе до укинување на пресудата и враќање на предметот на првостепениот суд на повторно судење.

При повторното судење, првостепениот суд да ги има предвид забелешките и укажувањата дадени во ова решение и да ја отстрани суштествената повреда на одредбите на постапката, со што ќе биде во можност да донесе правилна и законита одлука, што е и целта на укинувањето на првостепената пресуда.

Од погоре изнесените причини, согласно член 436 став 1 од Законот за кривичната постапка в.в. со член 2 од Законот за прекршоците, се одлучи како во изреката на ова решение.

Записничар, Претседател на совет -
судија,
Борче Коруновски с.р. Љиљана Чочковска
с.р.

БК